UDC: 316.774:174(497.7)
004.738.5:174(497.7)

# ИНТЕГРИТЕТОТ НА МАКЕДОНСКИТЕ ТРАДИЦИОНАЛНИ ВО СПОРЕДБА СО ОНЛАЈН МЕДИУМИТЕ: ИЗВЕСТУВАЊЕ ЗА ТРАГИЧНИОТ ПОЖАР ВО КОЧАНИ

**Искра КОРОВЕШОВСКА**

Насловен доцент, Правен факултет, Универзитет „ГоцеДелчев“ –Штип

iskra.korovesovska@ugd.edu.mk

**Апстракт**

Тема на овој труд е анализата на интегритетот на традиционалните медиуми во споредба со онлајн медиумите во Република С. Македонија, со фокус на клучните предизвици, предности и слабости на секој од овие медиумски сегменти, кога известуваат за кризни состојби. Во светот, ова се уште е актуелна дебата бидејќи во состојба сме на постојано дигитализирање и глобализација на информациите, заради што традиционалните медиуми, како што се телевизијата, радиото и печатените медиуми, се соочуваат со нови извори на конкуренција и нови етички дилеми, предизвикани од појавата на онлајн медиумите и социјалните мрежи. Оваа теза во трудот ќе биде детално, квалитативно и квантитативно анализирана, но и илустрирана преку начинот на известување од една страна, на традиционалните, а од друга на онлајн медиумите во земјава, во два клучни дена: 16 март 2025 година, кога се случи пожарот во т.н. кабаре „Пулс“ во Кочани и 20 март 2025 година - денот на погребувањето на жртвите. Онлајн медиумите, со својата брзина, достапност и интерактивност, понекогаш го нарушуваат концептот на новинарскиот интегритет, додека традиционалните медиуми во многу случаи го задржуваат високото ниво на проверка на фактите и професионалните стандарди. Но, како да се изборат на медиумскиот пазар, наспроти брзината и маркетинг битката на онлајн медиумите? Овој труд ќе понуди и соодветен заклучок како одговор, преку компаративна анализа и примери од одредени региони и земји. Во заклучокот се нудат препораки за подобрување на интегритетот на онлајн медиумите преку усвојување на етички стандарди и соработка со традиционалните медиуми за зајакнување на веродостојноста на информирањето.

***Клучни зборови**: традиционални и онлајн медиуми, интегритет, етички стандарди, кризни состојби*

# THE INTEGRITY OF MACEDONIAN TRADITIONAL MEDIA IN COMPARISON WITH ONLINE MEDIA: REPORT ON THE TRAGIC FIRE IN KOCHANI

**Iskra KOROVESHOVSKA**

Assistant professor, Faculty of Law, Goce Delcev University, Stip, North Macedonia

iskra.korovesovska@ugd.edu.mk

**Abstract**

The topic of this paper is the analysis of the integrity of traditional media compared to online media in the Republic of North Macedonia, with a focus on the key challenges, strengths and weaknesses of each of these media segments when reporting on crisis situations. In the world this is an ongoing debate, because we are in a state of constant digitalization and globalization of information, due to which

traditional media, such as television, radio, and print media, are facing new sources of competition and new ethical dilemmas, caused by the emergence of online media and social networks. This issue in the paper will be analyzed in detail, qualitatively and quantitatively, but also illustrated through the manner of reporting by both -traditional and online media in the country, on two key days: March 16, 2025, when the fire occurred in the so-called "Pulse" cabaret in Kochani and March 20, 2025 - the day of the burial of the victims. Online media, with their speed, accessibility, and interactivity, sometimes violate the concept of journalistic integrity, while traditional media in many cases maintain a high level of fact-checking and professional standards. But how can they compete and survive in the media market, faced with the speed and marketing battle of online media? This paper will offer an appropriate conclusion as an answer, through comparative analysis and examples from specific regions and countries. The conclusion offers recommendations for improving the integrity of online media through the adoption of ethical standards and cooperation with traditional media, to strengthen the credibility of information.

***Keywords***: *traditional and online media, integrity, ethical standards, crisis situations*

**Вовед**

Традиционалните медиуми, како што се телевизиите, радијата, печатот се под сериозен притисок со појавата на онлајн медиумите, односно социјалните мрежи. Иако на почетокот на новиот милениум постоеше оптимизам дека технолошкиот развој и појавата на новите медиуми ќе бидат исклучив бенефит, пред се за корисниците, но и за новинарската професија, но, дваесеттина години потоа се покажува дека медиумите минуваат низ драматична трансформација под удар од технолошки, економски, општествени и политички сили. Сведоци сме на извештаите на Европската комисија за напредокот на државата, препораките на Советот на Европа, оценките на Фридом Хаус и извештаите на Репортери без граници, сите тие се анализи кои укажуваат на предизвиците со кои се соочува медиумскиот интегритет во РС Македонија. Од друга страна полесната пристапност до онлајн медиумите - во реално време, за разлика од достапноста на традиционалните, предизвика тивко истиснување од медиумскиот пазар на сите оние кои не можат да го издржат притисокот. Па така, печатените медиуми полека изумираат во форма на хартија, односно се дигитализираат, а се потешко станува и за останатите електронски традиционални медиуми- радиото и телевизијата. За нив е тешко да издржат финансиски на македонскиот пазар, но и да се борат со брзината на онлајн медиумите и социјалните мрежи. Постои уште еден предизвик, кој не ги засега медиумите само како канал односно во техничка смисла, туку како професионално известување: етичките дилеми во овинарството. Преку практичен пример тоа изгледа вака: додека одредена информација се обработува по сите професионални новинарски стандарди со почитување на Кодексот на новинарите (ЗНМ, 2001) во традиционалните медиуми, онлајн медиумите веќе ја пласирале непроверена, непотврдена од најмалку 3 извори, со скокотлив и сензационалистички наслов, но и фотографии кои наручуваат нечиј углед, интегритет и приватност. И додека таа излезе на телевизија, веќе споменатите интернет медиуми собрале „кликови“, бројка на посетители кои ја прочитале, со што нивните маркетиншки предиспозиции растат на медиумскиот пазар, наспроти опаѓањето на тие на традиционалните медиуми чија гледаност се мери на поинаков начин. Тука е важно да се напомене дека не сите т.н. нови медиуми се непрофесионални, но сериозна бројка од нив функционираат без јасно наведена сопственичка структура, без т.н. импресум - делот каде се објавени имињата, презимињата и контактите на новинарите во редакцијата, односно функционираат како човек- медиум, потполно анонимно. Целата состојба на македонскиот медиумски простор, од оваа перспектива на гледање, во овој труд се анализира преку клучни два датуми, поврзани со една од најголемите трагедии во поновата македонска историја, пожарот во дискотеката „Пулс“ во Кочани, во кој загинаа 59 луѓе. Едниот е денот на трагедијата, 16 март 2025, а вториот е денот на погребите на загинатите, четири дена подоцна, на 20 март.

**1. Македонски медиумски интегритет - дефинирање на стандарди**

Медиумската опсерваторија на Југоисточна Европа (Petkovic,B., 2014) интегритетот на медиумите го дефинира како испреплетеност на влијанието на политиките, структурите и практиките кои им овозможуваат на медиумите ефективно да му служат на јавниот интерес и да ги поддржуваат демократските принципи. Составен дел на интегритетот на медиумите се неколку аспекти, меѓу кои најзначајни се:

- Посветеност на непристрасно известување и избегнување на влијание од центрите на моќ
- Транспарентност во работењето и интересите, вклучително и јасно откривање на изложеноста или зависноста од конкретни приватни или владини интереси
- Одговорност и отвореност кон граѓаните
- Почитување на етичките и моралните стандарди

Вака поставените стандарди на кои се повикуваат многу релевантни меѓународни организации чија главна дејност е медиумското опсервирање во земјите, се покажа дека е неопходно да се дефинираат рамковно во Р.С. Македонија - со единствена цел: да се лоцираат новите медиуми кои не ги почитуваат горespоменатите стандарди, а да не се дозволи да се урива интегритетот на сите професионални медиуми. При тоа, вторите се соочени со нелојална конкуренција, што им одзема значаен дел од публиката, но и од маркетинг „колачот", односно заработката од рекламните огласи. Заради сето ова пред 6 години се формираше т.н. регистар на онлајн медиуми (ЗНМ, 2020) чија цел беше да придонесе да се поттикне процесот на професионализација во работењето на онлајн медиумите, а со тоа и подобрување на нивниот кредибилитет, како и препознавање на оние кои ги почитуваат стандардите, наспроти неетичките - кои го нарушуваат угледот на професионалните онлајн медиуми. Постапката на креирање на Регистарот се одвиваше според критериумите усогласени меѓу Советот за етика на медиумите во Македонија (СЕММ) и Здружението на новинарите (ЗНМ), по примери од практиката на развиените демократски општества и Советот на Европа, а беше консултирана и медиумската и бизнис заедницата во државата. Освен тоа, процесот на т.н. саморегулација го поддржа и Стопанската комора на Македонија, која упати апел до своите членки за рекламирање и огласување само во онлајн медиумите кои се дел од Регистарот на професионални онлајн медиуми. Процесот го поздрави Делегацијата на ЕУ во Скопје, канцеларијата на ОБСЕ во Виена, Американската амбасада во Скопје, како и од Европската федерација на новинари. Критериумите за членство (onlinemedia, 2019) се јасно дефинирани, односно онлајн медиумите треба да:

1. Имаат МК-домејн.
2. Имаат наведено веродостоен импресум (име и презиме на главен, односно одговорен уредник, и состав на редакцијата), адреса и други неопходни податоци за контакт.
3. Редовно објавуваат информативни содржини од јавен интерес.
4. Ги наведуваат датумот и часот на објавување на своите содржини.
5. Имаат регистрирано деловно активно трговско друштво или деловно активно здружение на граѓани што не учествува на пазарот на комерцијалното и политичкото рекламирање и огласување.
6. Транспарентно ги декларираат сопственоста и начинот на финансирање согласно со законите, а по наше барање, презентираат и податоци неопходни за ажурирање на членството.
7. Имаат најмалку двајца вработени во редакцијата, согласно со Законот за работни односи.
8. Редовно објавуваат авторски содржини, со почитување на авторските права во согласност со законот и во согласност со Основните правила на преземање содржини меѓу нашите членки.
9. Имаат објавено ценовници за рекламирање.
10. Видливо ги означуваат платените комерцијални содржини.

Од моментот на регистрирање на платформата, членки станаа околу 123 онлајн медиуми (promedia, 2019), во кои покрај типичните интернет портали, влегуваат и веб страните на професионалните, односно традиционалните медиуми. Но апелот за регистрирање се уште стои отворен, бидејќи околу стотина онлајн медиуми не ги исполнуваат критериумите, а остануваат да бидат нелојална конкуренција. Овие стотина, не ретко се појавуваат во предизборните циклуси, практично се човек-медиум, и имаат за цел да лиферуваат информации што потоа ги споделуваат преку социјалните мрежи со цел креирање на јавно мислење или влијание. Социјалните мрежи пак, се платформи кои не можат да се контролираат, и истовремено, се најмасовни кориснички мрежи, за чие функционирање нема конкретна правна рамка. Содржините кои се лиферуваат креирани од одредени интернет портали, преку социјалните мрежи, се неретко неетички, сензационалистички содржини, необјективни и непроверени информации, чие влијание е огромно. И ова не е ситуација типична само за нашата земја, целиот свет се бори со дебатата да го регулира овој простор. Но, имајќи предвид дека се работи за чувствителна сфера која длабоко задира во човековите права, невозможно е да се поставуваат граници во начинот на делување. Сепак, глобалната дебата останува отворена, што значи дека светот дискутира во правец на поставување на јасни стандарди.

Создавањето на регистар на онлајн медиуми ги постави стандардите, но за жал, не ги втемели цврсто па истите не се одржаа. Тоа се гледа во следните поглавја од овој труд, во кои, преку темелна и компаративна анализа, е јасно видливо дека меѓу медиумите кои неетички и непрофесионално известуваа за трагедијата во Кочани и денот на погребувањето на жртвите, има и членки на регистарот.

## 2.Медиумски (не)професионализам – известување за кобниот пожар во „Пулс“ во Кочани на 16 март

На 16 март 2025 година се случи една од најголемите и незапаметени македонски трагедии во поновата историја. Во пожар, што изби околу два часа по полноќ, во т.н. кабаре „Пулс“ во Кочани, загинаа 59 лица, а над 200 беа повредени. Информацијата прво ја објави радио Кочани (radiokocani, 2025). Бројката на загинати, за жал, не остана на 59, туку неколку недели подоцна, заради компликации, починаа уште тројца од повредените кои се лекуваа во домашните болници и во странство. Во ова поглавје се анализирани новинарските извештаи на шесте телевизии со национална концесија, петте приватни Алфа, Алсат, Телма, Сител и Канал 5, како и јавниот сервис на македонски јазик, МТВ. Во рамки на компаративната анализа, споредбата е направена со начинот на известување од страна на интернет портали по случаен избор, меѓу кои има и членки во регистарот на онлајн медиуми.

Телевизиите, кои според концесијата се обврзани да работат исклучиво со почитување на професионалните стандарди и Кодексот на новинари, информираа, точно, навремено, споделувајќи официјални информации поткрепени со изјави од надлежните во Министерството за внатрешни работи (МВР), Јавното обвинителство (ЈО), Владата, болницата во Кочани. Иако информациите во врска со повредените и загинатите не беа се уште официјални неколку часа по трагедијата, новинарите чекаа (telma, 2025) да добијат точни бројки од кочанските медицински лица, а подоцна и од министерот за внатрешни работи (kanal5, 2025). Фотографиите што се користеа за илустрации во вестите објавени на веб страниците на телевизиите беа автентични од местото на трагедијата.




Извор: Канал 5



Извор: Телма

Исклучително внимателно се информираше и за возрасната граница на загинатите и повредените (sitel, 2025), новинарите ги проверуваа најпрво бројките што ги добиваа од терен со официјалните лица во кочанската болница, но и со јавното обвинителство (alfa, 2025) од каде стигнуваа информациите во врска со веќе започнатата предистражна постапка за утврдување одговорност.



Извор: Алфа




Извор: Сител

Повредените се транспортираа и во Скопје, во клиничките болници, но и во старата градска болница, како и „8 септември". Додека некои интернет портали масовно лиферуваа фотографии од лицата за кои се уште не се знаеше во која болница се, ниту дали се преживеани, професионалните медиуми интензивно ги проверуваа бројките до кои доаѓаа со точните извештаи на скопските болници (alsat, 2025), паралелно со увидот од страна на МВР и ЈО во кочанското кабаре (mrt, 2025).



Извор: Алсат



Извор: МРТ

За разлика од професионалните медиуми, кај дел од интернет порталите на кобниот ден, се известуваше неофицијално, без да се цитира релевантен извор на информации, се креираа вести врз база на видеа и информации кои потекнуваа од луѓе на социјалните мрежи, без истите да се проверат, но и без да е потпишан автор/новинар под текстот. Терминологијата што се користеше во вестите објавувани на овие медиуми - од кои некои се и членки на регистарот на онлајн медиуми (emagazin, 2025) се сведуваше на „веројатно“, се шпекулираше со бројки на присутни во кабарето „Пулс“ кобната ноќ - на пример околу 1500, иако самиот министер за внатрешни работи соопшти дека се работи за 500 лица. Се користеа фрази „како што објавуваат локалните медиуми“ без да се цитира кои се тие, или да се посочи линк до изворната информација. Како фото или видео за илустрација во овие објави се користеа некои што кружеа по социјалните мрежи објавени од корисници кои немаат допирни точки со надлежните институции.




Извор: емагазин

Некои интернет портали, повторно членки на гореспоменатиот регистар, одеа дотаму што објавуваа информации дека недостасуваат реагенси во болниците, ќебиња, и други медицински материјали, без да се наведе од каде им се ваквите информации, кој е изворот, како и каде, односно во кои болници има ваков недостиг (civilmedia, 2025). Дополнително, споделуваа фотографии од лицата за кои тврдеа без никакви официјални потврди, дека се исчезнати - односно наводно не се ниту меѓу загинатите, ниту меѓу повредените. Во објавените вести не се наведува јасно дали авторот на веста е присутен на местото на трагедијата во Кочани, или пак информациите се обработуваат од други места, но со оглед на тоа што нема автентични фотографии и видеа, туку се преземени од социјални мрежи или други медиуми - е доволна потврда дека не се работи за известување од терен.

Во некои од порталите, кои исто така се дел од регистарот на онлајн медиуми, се цитираат изјави од родители чии деца се исчезнати, без да се посочи зошто не е објавено името на родителот или детето, дали сакале да останат анонимни, и слично (racin, 2025). Забележлива тенденција за ваквите вести беше нивното споделување по принцип на копирање на веста од еден портал, и нејзино објавување, буквално идентично, со истиот наслов, на друг портал, и така неколку пати. Освен што информацијата е непроверена и непрофесионално обработена, истата е размножувана и преземана од други портали без ниту една промена/проверка.




Извор: Racin

Во некои од порталите има наведени бројки на жртви но нема цитирано официјален извор од надлежна институција (nezavisen, 2025), а имаше и онлајн медиуми кои ја користеле алатката вештачка интелегенција Chat GPT за да структуираат вест, наместо новинар/автор да ја обработи, напише и да се потпише под неа (popularno, 2025). Дотолку повеќе што како потпис на веста се користат иницијали, или пак познатата фраза за онлајн медиумите кои немаат импресум, па на местото на името на новинарот стои потпис: „информативна редакција“ .

### 3.Како известуваа онлајн, но и странските медиуми на денот на погребот, 20 март?

Уште еден клучен ден кој ја отслика медиумската реалност на вечната дебата традиционални vs. нови медиуми, е 20 март 2025 година, денот кога беа организирани погребите на 59-мината загинати во пожарот. Трагедијата во Кочани, очекувано, го привлече вниманието на Европа и светот, па беше забележано присуство на огромен број на светски медиуми деновите по 16 март. Имајќи ја предвид ваквата ситуација, ЗНМ заедно со ССНМ и Владата изготвија протокол (Влада на Република Северна Македонија, 2025) и насоки за безбедно и етичко известување за време на погребите. За медиумите беше обезбедена посебна зона од патот на поворката, на 300 метри од влезот на капелата до градските гробишта во Кочани. Простор беше обезбеден од припадници на МВР со цел да се гарантира ред и безбедност во означената област. На оваа зона исто така беше забрането управување со беспилотни летала (дронови). За медиумите беше наведено дека е важно да известуваат со емпатија, да се избегнува сензационализам, да се внимава на заштита на приватноста, да се објавуваат исклучиво проверени информации, објективно и балансирано да се известува.

Традиционалните медиуми, прецизно и внимателно се држеа до професионалните стандарди, па така, екипите за вклучување во живо во информативните изданија стоеја на доволно растојание од поворката (kanal5, 2025), немаше доближување до роднините, снимање на тагата и солзите, а најблиските снимки беа од фотографиите на загинатите поставени на плоштадот во Кочани, каде имаше и книги на жалост и од каде поаѓаа роднините и блиските кон градските гробишта (Alsat, 2025).




Извор: Канал 5



Извор: Алсат

Голем дел од медиумите свесно не се ни доближија до поворката, односно до гробиштата (telma, 2025), некои се одлучија за неутрални проверени информации, како набројување на локациите каде се ќе има погреби, возрасната граница на загинатите, како и посебни биографии на членовите на бендот ДНК во знак на спомен. Оние кои известуваа на ваков начин беа стационирани на плоштадот во Кочани (alfa, 2025).


ВЕСТИ ЕМИСИИ ПРОГРАМА

Во пожарот во дискотеката во Кочани загинаа 59 луѓе на возраст од 16 до 48 години. Најголем број од починатите се на возраст од 24 и 26 години.
Според официјално објавените податоци од Обвинителството, шестмина се на возраст од 21 година, а на возраст од 18 и 36 години загинале по четири лица. На 16-годишна возраст загинале тројца, исто толку и на 17-годишна возраст и на 25 години. По двајца загинати има на 20, 23, 27, 31, 38 и 44 години. По еден загинат има на возраст од 19, 29, 32, 33, 43, 47 и 48 години.
Трагичната несреќа се случи рано утрово во неделата, во дискотеката „Пулс", каде настапуваше групата „ДНК". Во несреќата животот го загубија и голем дел од членовите на бендот.

Наспроти традиционалните односно професионалните медиуми, онлајн медиумите по многу основи не ги испочитуваа етичките и моралните димензии на новинарството и професионализмот - како обврска на медиумите. На денот на погребите се отслика уште еден феномен, што дополнително ја продлабочува светската дебата за тоа што е улогата на новите медиуми и како таа треба да се регулира. Имено, гореспоменатите светски медиуми (кои многу пати наназад низ годините се претставувани како „добар модел" чие известување треба да е пример) кои покажаа интерес да го следат процесот после пожарот на 16 март, „паднаа на тестот" за професионално известување. Па така јавноста сведочеше на објавување фотографии и видеа од гробни места, блиски членови на семејствата и приватни моменти од церемонијата на погребите. Овие медиуми преку нивните онлајн изданија достапни на Јутјуб каналите покажаа што значи директно кршење на безбедносниот протокол за етичко известување и нарушување на достоинството на засегнатите лица од трагедијата. Ваквиот начин на известување го осудија ЗНМ (Alfa, 2025), ССНМ, Владата, македонските традиционални медиуми, но и српското новинарско здружение. Тие ги повикаа медиумските работници и редакции кои отстапуваат од протоколот, да покажат почит и одговорност, да не објавуваат содржини кои можат да предизвикаат дополнителна болка и да се придржуваат кон стандардите на етичкото новинарство. Новинарството треба да биде во служба на јавниот интерес, но никогаш на сметка на човечкото достоинство, стоеше во реакциите од нив. Значи најголемиот дел од домашните медиуми, со неколку отстапки, го испочитуваа договорот и се придржуваа до насоките и информираа коректно, но неколку странски медиуми се обидоа да привлечат гледачи и читатели на најнепримерен начин. Со начинот на информирање, буквално пренесувајќи ги во живо погребните церемонии, ги нарушија стандардите за етичко новинарство и дополнително ја зголемија болката кај погодените, но и кај публиката.

Заради етичките принципи, фотографии од непрофесионалниот начин на известување на медиумите нема да бидат објавени во овој труд, но линковите до објавите - за жал, не се избришани, па може да се видат. На пример, српскиот портал kurir.rs емитуваше инсерти од ископаните гробови (kurir.rs, 2025), американската агенција Асошиејтед прес (Assosiated Press - AP) емитуваше снимки од лелеци и плач, со ликовите на роднините кои тажеа покрај гробовите, но и отворени ковчези (AP, 2025). На преносите кои ги емитуваше медиумот FaceBA на нивниот Јутјуб канал, се гледа како роднините колабираат од тага, па пристигнува возило на брза помош за да им помогне (FaceBA, 2025). Тие го пренесуваат во живо и погребот на возачот на итната помош, кој ноќта на 16 март преку 11 пати возел од кабарето „Пулс" до болниците во Скопје, Кочани и Штип. Euronews во рубриката No coment, на Јутјуб пренесува како сестра, брат, мајка, буквално стојат врз кочегот на загинатиот, известување кое е фактички приказ на класичен новинарски воајеризам (Euronews, 2025). Експлицитни содржини од погребите емитуваше и албанскиот медиум Top chanel (Top Channel Albania, 2025). И не се само овие медиуми, меѓу оние кои вршеа преноси во живо и емитуваа експлицитни содржини работеа спротивно на кодексот на кој и Европската федерација на новинари се повикува тоа е дека воајеризмот не е

новинарство, беа и Telegraf, Jutarnji, Blic, Crux, El Mundo, CNN News18. Странските дописници не ги почитуваа приватноста и достоинството, туку пренесуваа погреби во живо. Експлицитните и неприфатливи фотографии и видеа беа „примамлива" содржина и за домашните интернет портали, но голем дел од нив се воздржаа. Странските дописници јасно го прекршија етичкото новинарство, кое не му служи на јавниот интерес туку само ја продлабочува болката на засегнатите.

**4. Редистрибуција на моќта во дигиталните медиуми и влијанието врз демократијата, надзорот и контролата – третман или само "справување со симптоми„?**

Интернетот и социјалните медиуми предизвикаа радикална промена во светската дигитална медиумска средина. Општественото производство на вести и информации премина кон нов медиум и ја промени својата структура и динамика. Две фундаментални карактеристики ја одбележаа промената, прво преминувањето од офлајн „емитување" на онлајн „партиципативен" комуникациски модел и, второ, подемот на доминантните дигитални посредници, или платформи - во приватна сопственост, или т.н. „големата петорка": Алфабет (поранешен Гугл), Мета (поранешен Фејсбук), Мајкрософт, Амазон и Епл. Овие пет не само што буквално го поседуваат и управуваат со Интернетот, туку функционираат како сè поодлучни арбитри за тоа која содржина на крајот допира до јавната сфера. Оттука и светската дебата, соочена со предизвиците како овие кои ги имаме дома претставени преку анализата во овој труд, сугерира како би требало да се направи регулација во просторот без да биде загрозена слободата на изразување (Max Planck Institute, 2022). Факт е дека се во слободен пад традиционалните медиуми и оттука нивната витална функција да бидат чувар на демократијата, со редистрибуцијата на моќта во дигиталните медиуми, предизвика сериозни конфликти со претходните правни принципи и пристапи. Интернетот не само што е сè повеќе е склон кон проблематични онлајн содржини - говор на омраза, расизам, екстремизам, дезинформации и лажни вести - туку доведе до зголемување на помали структурни закани за демократијата, кои се манифестираат во невиден глобален надзор, цензура и контрола. Токму тука лежи одговорот. Ако регулаторите не успеат да им дадат приоритет на овие структурни закани, останува ризикот да ги третираат или да се справуваат само со симптомите на нашата, сè понефункционална, јавна сфера.

Досега се покажа дека конвенционалните регулаторни пристапи беа главно неуспешни. Ниту самонаметнатите услови на користење на платформите за социјални медиуми, ниту националните, меѓународните или наднационалните закони, не држат чекор со комуникациската технологија што брзо се развива - и тоа паралелно со ширењето на штетна содржина на интернет. Без разлика кој од двата водечки регулаторни пристапи се разгледува - доминантниот модел на Европската Унија „забележете и дејствувајте" или контрастниот систем на „пазарна саморегулација" на САД - регулирањата единствено се фокусираат на своевидно ограничување на „проблематичните" онлајн содржини (на пр., говор на омраза и масовно дезинформирање), додека надзорот, сам по себе, и т.н. приватизирано владино цензурање - остануваат нерешени. Овој растечки регулаторен тренд во умереноста на онлајн содржините започна во 2017 година со германскиот Netzwerkdurchsetzungsgesetz (NetzDG) (Bundestag, 2017), продолжува денес со Европскиот закон за дигитални услуги (DSA) (European Commision, 2022), потоа британскиот Закон за безбедност на интернет, како и канадскиот Закон за штети на интернет со неговиот најнов предложен закон за говор на омраза. Несомнено дека овој пристап е воведен со цел да се проценува ризикот во дигиталната сфера, сепак, без разлика дали е воведен како пристап за „проценка на ризик" останува нерешена приватизацијата на влијанието односно неконтролата врз тоа кој го врши надзорот.

Сето ова значи дека фундаментално, постоењето на регулација во форма и рамка како горенабројаната, не значи вистинска регулација, па нејзиното преиспитување и натаму е еден од најголемите предизвици во 21 век. Со други зборови, токму ваквата состојба претставува значителна закана за основните слободи, како што е слободата на изразување и слободата на

печатот. А, со тоа им се овозможува на платформите на социјалните медиуми да ја имаат улогата на моќни чувари на вратата од прагот на човековите права.

**Заклучок**

Со оглед на тоа што повеќе од 70% од јавноста се информира преку интернет, повеќе од јасна е потребата онлајн медиумите да станат дел од медиумската регулатива. Со ова, се очекува поголемо поттикнување на саморегулацијата во новинарството и зголемена конкурентност во медиумскиот простор. Дали тоа ќе биде механизам за заштита на традиционалните медиуми од нелојалната конкуренција, одговорот е да, во одредена мера. Тоа значи дека онлајн медиумите ќе подлежат на регулативата за регистрирање и ќе можат да функционираат рамо до рамо со традиционалните, а не како што до сега функционираа како невладини организации, ослободени од дополнителни давачки и други обврски. Но, дали и натаму ќе продолжат да бидат своевидна закана за традиционалните медиуми, во смисла на атрактивноста на технолошкиот развој, исто така одговорот е да. Многу светски телевизии како CNN, BBC, и останати, масовно ја трансферираат содржината на социјалните мрежи, преку подкасти, онлајн емисии, па и изданија на нивните вести. Трансформацијата на телевизиите во онлајн изданија ќе биде реалност во следните десетина до 20 години. Тоа е процес што веќе се гледа кај печатот - тој веќе е сведен на минимум на светско ниво, а неговите изданија се видливи, во многу поголема мера само онлајн.

Новиот закон за медиуми (Министерство за дигитална трансформација, 2024) има за цел да обезбеди јасни правила за основање и регистрација на интернет порталите, што ќе придонесе за поефикасно решавање на постојните предизвици во дигиталниот медиумски сектор. Тој е изработен согласно европската регулатива спомената во четвртото поглавје од овој труд, и при подготовката се водеше сметка за два аспекти. Според министерот за дигитална трансформација (Андоновски, С., 2025), едниот е патоказот за владеење на правото и поглавјето 23, кое утврдува дека мора да имаме поголема јасност и транспарентност во уредувањето на медиумите и препознавање, заради гарантирање на конкурентност и гарантирање на квалитетот и професионализмот на медиумите, признавање и препознавање на онлајн-медиумите. Вториот аспект е дека Здружението на онлајн-медиуми и останатите онлајн-медиуми истакнаа подготвеност да предложат и иницираат ваков тип на регулатива што ќе значат нивно препознавање како медиум, работа што ја вршат долги години, а никогаш не беше препознаен нивниот ангажман. Очекувано, со објавувањето на законот на системот ЕНЕР, имаше реакции од одредени новинари дека со него се влошува состојбата во медиумскиот сектор, но фактите дека поттикнувањето на девијантни појави (говор на омраза, деградација по различни основи, и други) кои мора да се санкционираат - се посилни од предупредувањата. А фактите се очигледни во анализата на овој труд - интегритетот на професионалното новинарство е на удар од онлајн новинарството и социјалните мрежи.

Од друга страна, покрај регулацијата, останува важен принципот на саморегулација. Како да се стимулира саморегулацијата? Односно како новинарството може да се избори против негативните ефекти на влијанието на мрежното општество? Пред сѐ, со соодветна едукација (Коровешовска, И., 2019, p.11). Воведувањето посебен теоретски и практичен предмет за проучување и анализа на ефектот од влијанието на мрежното општество врз комуницирањето и животот воопшто во образовниот процес е повеќе од потребен, оти секој млад човек, кој се определил дека својата иднина ќе ја посвети во сервисирање на граѓаните со информации, мора теоретски да е подготвен за предизвиците со кои се соочува и во иднина ќе се соочува со комуницирањето во мрежното општетство. Во време кога дополнителна регулација, покрај постојната, се третира како цензура, таа е единствено можна со нејзино поставување на принципиелни основи, како што е примерот со Словенија. Таму во рамките на саморегулацијата постои информациски омбудсман (или правобранител) во медиумите, кој е независен и самостоен орган, што ги штити правата на публиката да биде соодветно информирана, но и ги поттикнува новинарите да го почитуваат етичкиот и професионалниот кодекс. Кога станува збор за регулаторните тела, на Р.С. Македонија и е потребно соодветно регулаторно тело, кое ќе ги оценува почитувањата на етичките кодекси - проширени и надградени со новите медиуми. На

пример во Словенија постои т.н. интернет-страница за пријавување говор на омраза и злоупотреба на деца. Се вика „Сплетно око“ (spletno-oko.si), ја координира Центарот за посигурен интернет, организација во рамките на Универзитетот во Љубљана, во која, освен онлајн медиуми, членуваат и словенечкото Врховно јавно обвинителство, полицијата, но и други организации за заштита на детстките права. Функционира на принципот на брзо регистрирање на говорот на омраза и исто такво експресно процесирање на случаите до полицијата и Обвинителството.

Како последна, но не помалку важна позиција во овој заклучок заслужува потребата од креирање на посебна медиумската стратегија (Коровешовска, И. 2024) која, пред се, би го дефинирала развојот на македонските медиуми во период од следни пет или десет години. Првенствено, тоа значи поставување во насока на коригирање на нашето рангирање на листите на Freedom House, Репортери без граници и други

релевантни меѓународни организации. Но од друга страна, ќе значи обезбедување на финансиски и стабилни правни услови за медиумските работници да можат соодветно да си ја извршуваат професијата, независност од сопственичките структури, економски, политички и бизнис притисоци, регулација односно саморегулација.

**БИБЛИОГРАФИЈА**

Alfa. (2025, march 16). Трагедија во Кочани – пожар во дискотека, има загинати и повредени. Alfa. Kochani, North Macedonia.

Alfa. (2025, march 20). ЗНМ и Независното здружение на новинари на Србија го осудуваат грубото кршење на новинарските стандарди при известувањето од погребите во Кочани. Alfa. Skopje, North Macedonia.

Alfa. (2025, march 20). Починатите во несреќата во Кочани на возраст од 16 до 48 години. Alfa. Skopje, North Macedonia.

Alsat. (2025, march 16). Во Градската болница во Скопје се хоспитализирани 27 лица со тешки изгореници, 24 на Клинички. Alsat. Skopje, North Macedonia.

Alsat. (2025, march 20). Длабока тага и молк во Кочани. Alsat. Skopje, North Macedonia.

AP. (2025, march 20). Coffins brought to funeral for victims of North Macedonia nightclub fire. AP. USA.

Bundestag. (2017). Network Enforcement Act (Netzwerkdurchsetzungsgesetz, NetzDG; German: Gesetz zur Verbesserung der Rechtsdurchsetzung in sozialen Netzwerken). Bundestag. Berlin, Germany.

Civilmedia. (2025, march 16).Ужасна трагедија во Кочани: Над 50 жртви, голем број повредени, хаос – родителите трагаат по своите деца, во болниците недостасуваат медицински материјали. Civilmedia. Skopje, North Macedonia.

Emagazin. (2025, march 16). Десетици загинати во пожар во дискотека во Кочани. Emagazin. Skopje, North Macedonia.

Euronews. (2025, march 20). Victims of North Macedonia nightclub fire laid to rest. Euronews. No comment. Europe.

European Commission. (2022). Digital Services Act. European Commission. Brussels, Belgium.

FaceBA. (2025, march 20). Potresne scene iz Sjeverne Makedonije: Rijeka ljudi na sahrani, ukopano 59 osoba!. FaceBA. Sarajevo, Bosna I Hercegovina.

Kanal5. (2025, march 16). Незапаметена трагедија во Кочани: 59 лице загинаа, а 155 се повредени во пожар во дискотека. Kanal5. Kochani, North Macedonia.

Kanal5. (2025, march 20). Најцрн ден во поновата историја:Македонија во солзи и тага се збогува со 59-те жртви од пожарот. Kanal5. Kochani, North Macedonia.

Kurir.rs. (2025, march 20). U KOČANIMA DANAS SAHRANJUJU NAJMILIJE! Bol i tuga su OGROMNI! Jecaji paraju nebo!. Kurir.rs. Beograd, Srbija.

Max Planck Institute. (2022). Rethinking Digital Media Regulation. Germany.

MRT. (2025, march 16). Трагедија во Кочани, МВР активно работи на утврдување на причините. MRT. Kochani, North Macedonia.

Nezavisen. (2025, march 16). (ВИДЕО) Голема трагедија во Кочани, најмалку 59 луѓе загинаа во пожар во дискотеката „Пулс“. Nezavisen. Skopje, North Macedonia.

Petkovic, B. (2014). *Media Integrity Matters - Reclaiming Public Service Values in Media and Journalism*. Ljubljana: Peace Institute. Retrieved April 2025, from www.seenpm.org: https://seenpm.org/media-integrity-mattersbook-of-the-see-media-observatory/

Popularno. (2025, march 16). Трагедија во Македонија: 59 мртви и 155 повредени во пожар во дискотека во Кочани. Popularno. Skopje, North Macedonia.

promedia. (2019). Retrieved april 2025, from www.promedia.mk: https://www.promedia.mk/

Radiokocani. (2025, march 16). Најголема катастрофа и трагедија досега во Кочани. Radiokocani. Kochani, North Macedonia.

Sitel. (2025, march 16). На 14 до 25 години се загинатите во пожарот во Кочани. Sitel. Kochani, North Macedonia.

Spletno-oko.si. Spletno oko. Retrieved may 2025, from www.spletno-oko.si: https://www.spletno-oko.si/english

Telma. (2025, march 16). Пожарот избувнал пред 3 часот и го зафатил кровот, првични информации за трагичниот пожар во Кочани. Telma. Kochani, North Macedonia.

Telma. (2025, march 20). Погреби низ цела Македонија на починатите во пожарот во дискотеката „Пулс“. Telma. Kochani, North Macedonia.

Top Channel Albania. (2025, march 20). Top Channel/ 59 viktimat e Koçanit dërgohen në banesën e fundit, familjarët të pikëlluar. Top Channel Albania. Albania.

Андоновски,С. (2025, march 11). ОНЛАЈН ПОРТАЛИТЕ ВЛЕГУВААТ ВО РЕГУЛАТИВА Владата го донесе предлог-законот за изменување на Законот за медиуми. Plusinfo. Skopje, North Macedonia.

Влада на Република Северна Македонија. (2025, march 19). Retrieved may 2025, from www.vlada.mk: https://vlada.mk/node/38609

ЗНМ. (2001). *Кодекс на новинарите на Македонија.*Скопје: Здружение на новинарите. Retrieved April 2025, from www.znm.org.mk: https://znm.org.mk/kodeks-na-novinarite-na-makedonija/

ЗНМ. (2020). ЗНМ и СЕММ: Регистарот на професионални онлајн медиуми достапен на www.promedia.mk. Skopje, North Macedonia.

Коровешовска, И. (2019). Влијанието на мрежното општество врз новинарскиот интегритет. *Proceedings of the International Scientific Conference "Social Changes in the Global World“*, *2*(6), 977-991 (p.11). Shtip: The Faculty of Law, Goce Delchev University in Shtip.

Коровешовска, И. (2024). Медиумите и националните интереси: Промоција и заштита споредено со земјите во регионот и Европа. *Proceedings of the International Scientific Conference "Social Changes in the Global World"*, *11*(11), 491-501. Shtip: The Faculty of Law, Goce Delchev University in Shtip.

Министерство за дигитална трансформација. (2024, october 8). *Закон за медиуми*. Retrieved may 2025, from www.ener.gov.mk: https://ener.gov.mk/Default.aspx?item=pub_regulation&subitem=view_reg_detail&itemid=87116

onlinemedia. (2019). Retrieved april 2025, from www.onlinemedia.mk: https://onlinemedia.mk/#kriteriumi